


GS1®

# Глобален лек за Здравството

*Нов и независен извештај на McKinsey & Company со пресметани придобивки – во животи и вредности – од воведувањето на еден единствен глобален стандард во Здравството.*

За да го симнете извештајот,
посетете го сајтот:
***www.gs1.org/healthcare***

Индустријата од секторот Здравство се соочува со неколку главни предизвици: фалсификување, неефикасно повлекување на продукти, медицински грешки и пропусти во видливоста на инвентарот што резултира со големи трошоци поврзани со медицинскиот инвентар и неефикасен синџир на снабдување во овој сектор. Истовремено здравствените трошоци веќе неколку години со ред се зголемуваат и се очекува тој тренд на зголемување да продолжи со уште побрзо темпо во однос на националните приходи во најголем број од земјите. Паралелно со овој тренд регулаторите во сите земји дефинираат нови правила и барања кои треба да ги исполни синџирот на набавка во здравствениот сектор со цел да се подобри безбедноста на пациентите.

Ситуацијата е неодржлива на долга патека бидејќи претходно споменатите предизвици се одразуваат на целиот синџир на набавка, од производителите преку трговците на големо, дистрибутерите, здравствени групации и на крај до давателите на здравствените услуги.

Извештајот на McKinsey & Company, го изразува погледот на мислењето на 80 лидери во здравствената индустрија, нагласувајќи ја потребата за усогласување на целата здравствена индустрија преку **еден глобален стандард** со цел да се осигура безбедноста на пациентите и да им се објасни итноста од прифаќање на овој стандард на сите учесници во синџирот на набавка во секторот Здравство.

**“Имплементирањето на еден глобален стандард низ целиот здравствен синџир на набавка може да спаси 22. 000 – 43. 000 животи и да се избегне инвалидитет кај 0,7 милиони до 1,5 милион пациенти”**

**(извор: McKinsey извештај, “Strength in unity: The promise of global standards in healthcare”, Октомври 2012)**



# GS1 СИСТЕМ НА СТАНДАРДИ

Заеднички јазик за пренесување на информации:

- Глобално
- Неутрално
- Непрофитно



"Воведувањето на овој систем базиран на стандарди глобално може да спречи одлевање на **десетици милиони долари**, пари што би отишле за набавка на фалсификувани медикаменти, од севкупниот легитимен синџир на набавка на тие медикаменти"

(извор: McKinsey извештај, "Strength in unity: The promise of global standards in healthcare", Октомври 2012)

Системот на GS1 стандарди е интегриран пакет на стандарди кои кога се користат заедно овозможуваат видливост долж целиот синџир на набавка, им овозможува на организациите да добијат информации за било кое движење на било кој предмет и им помага да донесат деловни одлуки врз основа на повеќе информации. Срцевината или јадрото на овој систем на стандарди се GS1 идентификационите клучеви или ID клучеви. Овие глобално прифатени идентификатори обезбедуваат заеднички јазик за комуникација и размена на информации ширум светот.

Фалсификувањето на лекови е еден од најголемите проблеми за безбедноста на пациентите и најгорчлив проблем против кој учесниците во здравствената индустрија превземаат конкретни акции користејќи еден од најпознатите GS1 ID клучеви: Глобалниот Трговски Број на Продуктот – GTIN (Global Trade Item Number) .

GTIN-от се користи за уникатно идентификување на производи и услуги, а овозможува и функционирање на некои деловни процеси како следливост, со што се обезбедува побезбедно функционирање на синџирот на набавки и надвор од националните граници на компаниите.



# ВИДЛИВОСТ

## Идентификација, прибирање и размена на податоците: фундаментални концепти на GS1 Системот

Денеска е потешко од било кога порано да се знае каде се наоѓаат продуктите на нивниот пат од едниот до другиот крај на денешниот глобален и комплексен синџир на набавка. Видливоста е услуга која овозможува да се знае точно каде се наоѓа даден продукт во било кое време, каде се наоѓал претходно и зошто бил таму. Видливоста им овозможува на компаниите или организациите во реално време да бидат информирани за протокот на продуктите и трансакции во своите синџири на набавка и врз основа на тие информации да делуваат и носат одлуки кои ќе го движат бизнисот напред и ќе ја зголемат неговата вредност.

Во секој случај, за да постои видливост во синџирот на набавка на трговските единици или средства сите учесници во него мора да ги имплементираат стандардите за идентификација, примање и размена на информациите за нив.

GS1 Системот на стандарди дава сеопфатна рамка за обезбедување на интероперабилност помеѓу сите учесници во синџирот на набавка. **Следливост на продукти, борба против фалсификувањето и обезбедување на автентификација на медикаментите, повлекување на продукти, управување со инвентар, електронска набавка, скенирање на креветите и употреба на Електронски Здравствен Запис – HER (Electronic Health Records)** – голем број на деловни процеси имаат бенефити од видливоста која ја обезбедува GS1 системот на стандарди.

**Видливоста може да обезбеди следливост на медикаментите и медицинските уреди долж целиот пат во синџирот на набавка, се до пациентот во болницата.**

*"Имплементирањето на GS1 стандардите беше многу исплатлив начин за нас во подобрувањето на безбедноста и квалитетот на нега во нашата болница"*

*Tim Rutledge, претседател и директор на Општата Болница North York, Торонто*

### GS1 Standards in Healthcare



# СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СИНЏИРОТ НА НАБАВКА ЌЕ ИМААТ БЕНЕФИТИ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА GS1 СТАНДАРДИТЕ



**“Денес, здравствената индустрија има врзано во инвентар 500 милијарди долари, но, со подобрување на соработката која е овозможена со имплементацијата на глобалните стандарди, може да се намали застареноста и вишокот на инвентар”**

**(извор: McKinsey извештај, “Strength in unity: The promise of global standards in healthcare”, Октомври 2012)**

*“Глобалните стандарди можат да бидат клучни за овозможување на зголемана сигурност и квалитетна нега на пациентите по трошковно ефективен начин. Нашите анализи покажаа дека овие стандарди имаат голем потенцијал во однос на подобрување на грижата и заштедата на ресурси, доколку истите се вистински глобално прифатени од сите учесници во здравствениот сектор, вклучувајќи ги производителите, дистрибутерите, трговците на големо, аптеките и давателите на здравствените услуги ”*

*(извор: McKinsey извештај, “Strength in unity: The promise of global standards in healthcare”, Октомври 2012*

Првично GS1 стандардите беа развиени од индустријата за индустријата, но здравствената заедница ширум светот ги прифати овие стандарди и помогна во нивниот развој и имплементација. Овие глобални GS1 стандарди ќе ги рационализираат процесите во синџирот на набавка и од тоа ќе профитираат сите учесници во него без разлика дали тоа се производители, дистрибутери, продавачи на големо, здравствени групации и на крај најбитните - пациентите. Нивното широко прифаќање за возврат ќе обезбеди целосна видливост – од производство до пациент.

**Преку соработката меѓу компаниите и организациите низ здравствениот синџир на набавка, GS1 му помага на здравствениот сектор да ги подобри бизнис и услужните процеси.**

# СЕГА Е ВРЕМЕ ЗА АКЦИЈА



Економиите се натпреваруваат, а пациентите се во опасност од зголемениот број на фалсификувани медикаменти, повлекувањето на медицински уреди и продукти е зголемено, а со тоа се зголемува и ризикот по здравјето на пациентите. Ние не можеме повеќе да чекаме, **СЕГА** е време за акција. GS1 стандардите се фундаментални за оваа промена.

GS1 организациите ширум светот веќе работат со лидерите во здравствениот сектор на прифаќање и употреба на еден единствен стандард кој ќе им помогне на организациите да ги разменат информациите, правилно да се промовираат и да работат поефикасно, со една цел – да се подобри безбедноста на пациентите и да се намалат трошоците во здравствениот сектор.

"Ние веруваме дека прифаќањето на глобалните стандарди ќе ги трансформира нашите можности за испорака на вредности на начин кој ја поттикнува меѓузависноста на користење на технологиите, информациите, производите и услугите, здравствената едукација и луѓето на иновативни начини кои го оптимизираат начинот на кој здравството се доставува глобално. Само тогаш ќе бидеме сигурни дека секој пациент кој го опслужуваме ќе има доверба во нашата медицина и во третманот кои тие пациенти го заслужуваат. Сега е времето за почеток на оваа трансформација."

Kenneth C. Frazier, претседател на Управениот Одбор, претседател и директор на Merck&Co., Inc .

**"[Ние] проценивме дека трошоците во здравствениот сектор можат да се намалат од 40 милијарди долари до 100 милијарди долари глобално" со имплементација на глобални стандарди**

**(извор: McKinsey извештај, "Strength in unity: The promise of global standards in healthcare", Октомври 2012)**

## За GS1 Здравство

GS1 Здравството е глобална, доброволна заедница на корисниците, која ги спојува сите учесници во синџирот на набавка во здравствениот сектор, вклучувајќи ги производителите, дистрибутерите, давателите на здравствени услуги, давателите на решенија, регулаторните тела и индустриските организации. Мисијата на GS1 Здравство е да го води здравствениот сектор кон успешен развој и имплементација на глобалните стандарди преку спојување на експертите во здравствениот сектор со цел да се зголеми нивото на безбедност и задоволство на пациентите и да се создаде поефикасен здравствен синџир на набавка. Членови на GS1 Здравство се повеќе од 60 водечки здравствени организации ширум светот. За повеќе информации за GS1 Здравство посетете ја **www.gs1mk.org.mk/S_Zdravstvo_Intro.aspx .**

---

9 504000 059125

**The global language of business**

Copyright©2012 GS1 AISBL. - GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL.

**GS1 Македонија**
**Маршал Тито 19**
**1000 Скопје, Македонија**
**Т +389 (0)2 3254 250**
**Ф +389 (0)2 3254 254**
**gs1mk@gs1mk.org.mk**

**www.gs1mk.org.mk**

Designed by inextremis.be - Photos: iStockphotos.com - Fotolia.com